| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-Инфраструктура, Е-1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ДППИ ТАЈФА – ПЛАН, ДОО, Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | ДППИ ТАЈФА – ПЛАН, ДОО, Скопје<br>Наташа Влчева Савиќ, дипл.инж.арх.<br>број на овластување 0.0064 |
| **Назив на работното место** | Одговорен планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Адреса: ул. „Васил Главинов“ бр. 3-2/8-Градски ѕид Б-10 Скопје<br>тел. за контакт: 02/3211-109 |

## Основни податоци за планскиот документ

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

Донесувањето на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-Инфраструктура, Е-1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево, произлегува согласно член 30 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање ((„Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, и 104/222).
За предметниот плански опфат се изработени Услови за планирање на просторот, од страна на Агенцијата за планирање на просторот, со тех. бр: Y06023, за кои е добиено Решение за услови за планирање (бр. УП1-15 366/2023 од 08.03.2023 год.), од страна на МЖСПП и Дополна на Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште), КО Црник, КО Негрево, Општина Пехчево, со технички број Y06023i за 1,46 ha и Решение за Услови за планирање на просторот со бр. УП 1-15 1702/2023 од 17.08.2023.

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

ДА ☒
НЕ ☐

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

/

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

Да, просторно и урбанистичко планирање

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да ☒**<br>**Не ☐** | **Член:** 3 | **Точка** 4 | **Алинеја:** |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Не, планскиот документ не предвидува реализација на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Цел на изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2 КО Црник, дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3 КО Негрево - Општина Пехчево е да се оформи градежна парцела за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија што преставува стратешки чекор во обезбедување на енергетска независност како и зачувување на земјиштето од загадување.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија над 10MW на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2 КО Црник, дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3 КО Негрево – Општина Пехчево, ќе се изработи за утврдениот плански опфат, дефиниран со линија и прекршочни точки, во рамки на кој ќе се формира градежна парцела.

Основната класа на намена е усогласена со Условите за планирање на просторот, а согласно Просторниот план на Република Македонија. Класата на намени е усогласена според Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.

Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) и тоа:

Група на класа на намена: **Е - Инфраструктури**

Класа на намена: **Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури**

Поединечна намена:

**Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија**

**Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани**

Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштита на животната средина се ***донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена*** на животната средина.

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Просторно и урбанистичко планирање на просторот

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

/

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

Не е предвидено ревидирање на планскиот документ.

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Прелиминарниот плански опфат на урбанистичкиот план кој е предмет на уредување е лоциран на територијата на Општина Пехчево на околу 7 km оддалеченост од Пехчево. Земјиштето е на надморска висина од 930 m до 1166 m. Во предметниот опфат влегуваат дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2 КО Црник, дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3 КО Негрево. Површината на прелиминарниот планскиот опфат изнесува 1004853,4503 m², односно 100,49 ha.

Граница на планскиот опфат се граничи со следните катастарски парцели: на север КП 2766 КО Црник, КП 2763 КО Црник, КП 2762 КО Црник, КП 2846 КО Црник. КП 2850 КО Црник, КП 2848 КО Црник, КП 2849/2 КО Црник, КП 2849/1 КО Црник, КП 281 КО Негрево, КП 278 КО Негрево, КП 275 КО Негрево; на исток КП 2577 КО Негрево; на југ: КП 474/1 КО Негрево, КП 473 КО Негрево, КП 472 КО Негрево, КП 471 КО Негрево, КП 273 КО Негрево; на запад: КП 2600 КО Негрево, КП 3366 КО Црник.

Низ планскиот опфат поминува постоечкиот 110 kV далековод Берово – Делчево. Предметната локација припаѓа на Источниот реон со 8 микрореони и во ВП „Горна Брегалница". Релевантниот патен правец за предметната локација влегува во груата на регионални патишта „R1" и е со ознака R1302 (Делчево, врска ос А3 – Пехчево – Берово – Дабиле – Врска со А4). Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на предметната локација, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. На подрачјето кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата

(Сателитка снимка на локацијата и други мапи се приложени во Додаток 1).

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да☒
Не☐

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☒
Не ☐

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). | |
|---|---|
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој УППГДЗ, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.<br>**Очекувани позитивни влијанија:**<br>Изградбата на УППГДЗ ќе допринесе за рационално користење на земјиштето, максимално вклопување на инфраструктурата и градбите со теренот, нови работни места за населението, подобра бизнис клима, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард.<br>**Очекувани негативни влијанија:**<br>Новоизградените објекти во планскиот опфат може да бидат потенцијални извори на емисии кои негативно би влијаеле врз медиумите од животната средина и здравјето на населението, затоа во стратегиската оцена на животната средина треба да се даде посебен осврт на можните влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението и да се предложат мерки за намалување или избегнување на истите.<br>Можните влијанија се разгледуваат низ прашањата и одговорите, кои следуваат. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на површински соларни и фотонапонски електрани се очекува да предизвикаат долгорочни позитивни влијанија од социоекономски аспект, односно ќе се отворат можности за нови вработувања на локалното население и пошироко, кои ќе дадат допринос за развој на локалната и регионалната економија.<br>Меѓутоа, разгледувано од аспект на животна средина имплементацијата на УППГДЗ може да предизвика негативни влијанија врз животната средина.<br>Најблиски рецептори на можните влијанија од имплементацијата на планските содржини се населението од с. Негрево и с. Црник и земјоделското земјиште околу планскиот опфат.<br>Во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии од градежните активности и механизацијата и тоа во воздухот, почвата и водите. Исто така во градежната фаза ќе се генерира зголемено количество отпад (главно градежен шут, земја, отпад од пакувања и вишок на употребени материјали), бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои доколку не се соодветно управувани, може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите на животната средина, биолошката разновидност, пределот и здравјето на луѓето. Исто така се очекува зголемена фрекфенција на возила по сообраќајниците која може да предизвика негативни влијанија врз корисниците на патот и локалното население. Овие можни влијанија се оценуваат како локални, краткорочни/долгорочни, повратни/неповратни и со мал до среден интензитет.<br>Во оперативната фаза може да се очекуваат незначителни емисии во воздух, вода, отпад, емисии од евентуални несакани истекувања и сл. Овие емисии доколку не се соодветно управувани може да предизвикаат негативни влијанија врз квалитетот на водата, почвата, и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и долгорочни влијанија. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |

| | |
|---|---|
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Во услови на нормални оперативни процеси, кои ќе се одвиваат во идниот плански опфат не се очекуваат ризици по животот и здравјето на луѓето или животната средина.<br>Идните објекти во планскиот опфат ќе оперираат во согласност со највисоки технолошки и технички стандарди кои ќе гарантираат избегнување на сите можни ризици. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Според пописот на население во 2021 година во Општина Пехчево вкупниот број на жители изнесува 3983 жители, во селото црник 571 жител и во селото Негрево 45. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Изградбата на Површински соларни и фотоволтаични централи (над 10 MW) ќе резултира со подобрување на социо-економскиот развој на општина Пехчево, преку производство / обезбедување на електрична енергија од обновливи извори и создавање на услови за одржлив економски развој. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На подрачјето на катастарската општина Негрево, кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата:<br>1. Археолошки локалитет "боро", Негревео, римски период;<br>2. Археолошки локалитет "Грамади" (Катраници), Негрево, доцноантички период;<br>3. Археолошки локалитет "Калков дол", Негрево, римски период;<br>4. Црква Св. Константин и Елена, Негрево 1858 год.<br>На подрачјето на катастарската општина Црни, има евидентирано недвжен споменик на културата:<br>1. Археолошки локалитет "Орниче", Црник, римски перион.<br>Во Археолошката карта на република Македонија која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарските општини, евидентирани се следните локалитети:<br>КО Негрево – Боро, населба од доцноантичко време; Грамади, населба од доцноаничко време; Калков Дол, населба од доцноантичко време.<br>КО Црник – Орниче, некропола – могили од римско време.<br><br>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот одбран за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, **нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.** |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности, заради фактот што идните плански содржини ќе работат во согласност со најнови технолошки решенија, кои ќе бидат разгледувани на ниво на проекти. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Земјиштето на кое ќе се градат објектите претставува пасиште и кое треба да се пренамени во градежно за да може да се отпочне со градба на предвидените содржини. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** | |

Урбанистичкиот план врши дефинирање на просторната организација на границите на планскиот опфат со разместување на предвидените функции и неопходна инфраструктура.
Планскиот документ предвидува имплементација на активност за инсталација на Површински соларни и фотоволтаични централи
За содржините предвидени во планскиот опфат ќе се изработува Елаборат за заштита на животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Прелиминарниот плански опфат на урбанистичкиот план кој е предмет на уредување е лоциран на територијата на Општина Пехчево на околу 7 km оддалеченост од Пехчево. Земјиштето е на надморска висина од 930 m до 1166 m. Во предметниот опфат влегуваат дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2 КО Црник, дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3 КО Негрево. Површината на прелиминарниот планскиот опфат изнесува 1004853,4503 $m^2$, односно 100,49 ha.

Граница на планскиот опфат се граничи со следните катастарски парцели: на север КП 2766 КО Црник, КП 2763 КО Црник, КП 2762 КО Црник, КП 2846 КО Црник. КП 2850 КО Црник, КП 2848 КО Црник, КП 2849/2 КО Црник, КП 2849/1 КО Црник, КП 281 КО Негрево, КП 278 КО Негрево, КП 275 КО Негрево; на исток П 2577 КО Негрево; на југ: КП 474/1 КО Негрево, КП 473 КО Негрево, КП 472 КО Негрево, КП 471 КО Негрево, КП 273 КО Негрево; на запад: КП 2600 КО Негрево, КП 3366 КО Црник.

Граница на планскиот опфат се граничи со следните катастарски парцели: на север КП 2766 КО Црник, КП 2763 КО Црник, КП 2762 КО Црник, КП 2846 КО Црник. КП 2850 КО Црник, КП 2848 КО Црник, КП 2849/2 КО Црник, КП 2849/1 КО Црник, КП 281 КО Негрево, КП 278 КО Негрево, КП 275 КО Негрево; на исток П 2577 КО Негрево; на југ: КП 474/1 КО Негрево, КП 473 КО Негрево, КП 472 КО Негрево, КП 471 КО Негрево, КП 273 КО Негрево; на запад: КП 2600 КО Негрево, КП 3366 КО Црник.

Низ планскиот опфат поминува постоечкиот 110 kV далекувод Берово – Делчево. Предметната локација припаѓа на Источниот реон со 8 микрореони и во ВП „Горна Брегалница“. Релевантниот патен правец за предметната локација влегува во груата на регионални патишта „R1“ и е со ознака R1302 (Делчево, врска ос А3 – Пехчево – Берово – Дабиле – Врска со А4). Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на предметната локација, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. На подрачјето кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Планскиот документ предвидува изградба на Површински соларни и фотоволтаични централи (над 10 MW), чија главна цел ќе биде производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, што од друга страна претставува еден од основните приоритети во одржливиот развој.
Имплементацијата на планската содржина ќе допринесе до намалување на испуштените количина на стакленички гасови, а со тоа и намалување на климатските промени.
Дополнително, поголемата застапеност на обновливите извори на енергија, во иднина, ќе ја намали зависноста од ивоз на енергенси (фосилни горива) со што ќе се овозможи поголема енергетска стабилност на државата.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Со реализацијата на предвидените плански содржини за инсталација на Површински соларни и фотоволтаични централи (над 10 MW), можно е да се јават влијанија врз животната средина, како во конструктивната, така и во оперативната фаза. Во конструктивната фаза, со почетокот на градежните активности се очекува да се јават влијанија во воздухот, како резултат на присуството на транспортни возила и градежна механизација, можни влијанија во површинските и подземните води, генерирање на различни типови на отпад, бучава и вознемирување на растителниот и животинскиот свет на самата локација. Во оперативната фаза не се очекуваат значителни влијанија врз медиумите и состојбите на животната средина. Но, ќе бидат превземени мерки за контрола на емисиите, со цел да се намалат или избегнат негативните влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

- Планскиот опфат кој е предмет на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-Инфраструктура, Е-1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево е во рамките на Просторниот план на Република Македонија, усвоен во (2004-2020 год.), врз основа на кој се изработени Услови на планирање на просторот тех. бр. Y06023, од страна на Агенцијата за Просторно Планирање.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење е во корелација со:

- Просторен план на Република Македонија (2004 – 2020),
- Просторен план на Источен плански региoн (2013 – 2030),

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот плански опфат не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Да се посвети особено внимание на управување со отпадните води, отпадот, емисии во воздух, бучавата и сл. Исто така, да се посвети внимание на мерките во конструктивната фаза за изведба на активностите, со цел да се избегнат евентуалните негативни влијанија врз идентификуваните осетливи рецептори.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот**<br>67-843/23 | Министер<br>Благој Бочварски |
| **Датум:** 28.11.2023<br>**Место: Скопје** | М.П. |